Црвен крст на Република Северна Македонија
Red Cross of The Republic of North Macedonia

InCARE

Co-funded by the European Union

Врз основа на верификација на посебната програма за Негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост, Црвен крст на Република Северна Македонија - Црвен крст на град Скопје распишува:

**КОНКУРС**

за обука за Негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост

Се повикуваат сите заинтересирани лица кои сакаат да посетуваат обука и да се стекнат со верификуван сертификат да аплицираат во периодот од **01.03.2022** до **15.03.2022** година.
Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да се државјани на Р. С. Македонија;
- Да имаат над 18 години;
- Да имаат општа психо-физичка способност за работа;
- Да имаат завршено минимум основно образование;
- Да бидат мотивирани за работа со стари и немоќни лица, и лица со попреченост;
- Да бидат мотивирани по обуката да бидат вклучени во сервисот за нега во домашни услови при Црвен крст на град Скопје – Нега Центар.

**Напомена:** Обуката за Негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост е сертифицирана. Истата се спроведува во рамките на проектот: „Поддршка за инклузивен развој на услуги за долгорочна грижа во заедниците преку инкорпорирање на партиципативни пристапи на различни чинители“(InCARE), кофинансиран од Европската унија.

Заинтересираните кандидати можат да се пријават на е-маил: skopje.negacentar@redcross.org.mk ; тел. 070 352 246 .

Секој заинтересиран кандидат ќе биде повикан на индивидуално интервју.